**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Дејан Костовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул.„Партизанска“ бр.1 - лок.4,17 / Охрид**
**тел. 046/280-314; 072/302-430;**
**izvrsitel.kostovski@yahoo.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 1288/2025**

Извршителот Дејан Костовски од Охрид, ул.„Партизанска“ бр.1 - лок.4,17 / Охрид врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Менка Митреска од Охрид со живеалиште на ул.„Рашанец“ бб - с.Лескоец (отстапено побарување од Друштво за производство трговија и услуги „Дион Градител“ дооел с.Лескоец Охрид врз основа на Потврда-Солемнизација на приватна исправа ОДУ.бр.58/26 од 10.02.2026 година на нотар Никола Кузманоски - Охрид) преку полномошник Адвокат Михаил Пероски, засновано на извршна исправа Решение НПН.бр.516/22 од 27.05.2022 година на Нотар Сашо Ѓурчиноски Струга, против должникот ОПШТИНА СТРУГА со ЕДБ 4026996109422 и ЕМБС 6018912 и седиште на ул.„Маршал Тито“ бб, за спроведување на извршување во вредност 1.409.734,00 денари на ден 15.06.2026 година го составува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва одложена продажба со усно јавно наддавање на подвижен предмет:

-ПМВ марка “AUDI“ комерцијална ознака „A6 LIMOUSINE“, со број на шасија WAUZZZF24KN027439, година на производство 2018, регистарска ознака SU-4224-AF, за цена од **1.344.636,00 денари** која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Подвижниот предмет е оптоварен со следните товари: записник за попис и процена на подвижни предмети (врз основа на чл.103, 104 и 105 од ЗИ) И.бр.1288/2025 од 06.03.2026 година од извршител Дејан Костовски; заклучок за пристапување кон извршен попис И.бр.919/2019 од 12.03.2026 година од извршител Дејан Костовски; заклучок за пристапување кон извршен попис И.бр.1673/2016 од 13.03.2026 година од извршител Гордана Џутеска.

Продажбата ќе се одржи на ден **03.07.2026 година во 10:00 часот** во просториите на Извршител Дејан Костовски од Охрид, ул.„Партизанска“ бр.1 локал 4,17 во Охрид.

Продажбата на предметот ќе се објави во дневен весник „Нова Македонија“ и електронски на веб страницата на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само субјекти кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижниот предмет.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка од извршител Дејан Костовски број 300010000197382 во Комерцијална банка АД Скопје и даночен број МК5020022505296, најдоцна до 02.07.2026 година, со назнака „гаранција за И.бр.1288/2025“**.** Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи продажната цена на возилото, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Возилото што е ставено на продажба може да се разгледа во Јавен царински склад „Наш Транспорт“ ДОО Охрид во с.Косел, со претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на наддавањето по нивно барање.

Даноците и другите издатоци во врска со пренесот на правото на сопственост на возилото, паѓаат на товар на купувачот.

И З В Р Ш И Т Е Л
Дејан Костовски

Д.-на: должник
доверител
пристапен извршител

Recoverable Signature

X

Signed by: Dejan Kostovski

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.